Република Северна Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Арх.бр. УП1-15 1738/2022

Дата: ...15-09-2022

Врз основа на член 88 од Законот за општа управна постапка (“Службен весник на Република Македонија” бр. 124/15), како и врз основа на член 42, став 1 и став 9 од Законот за урбанистичко планирање (“Службен весник на Република Македонија” бр. 32/20), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија (“Службен весник на Република Македонија” бр. 39/04), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за Услови за планирање на просторот**

1. Со ова Решение на Министерството за транспорт и врски му се издаваат **Услови за планирање на просторот за изградба на подземен 110 kV вод од ТС 20/110 kV ФНЦ Гнеотино-ТС 400/110 kV Битола 2, Општина Новаци.**
Вкупната должина на трасата за која се издаваат Условите за планирање на просторот изнесува 8,64 км. Должината за која се издаваат овие Услови за планирање на просторот изнесува 7,26 км. Останатиот дел од трасата навлегува во плански опфат за кои се издадени Услови за планирање на просторот со бр. Y17220.
Трасата на подземниот вод се сече со линиска инфраструктура за која се издадени Услови за планирање на просторот со бр. Y07505, Y05006 и Y21514. Трасата на подземниот вод се граничи со плански опфат за кои се издадени Услови за планирање на просторот со бр. Y27621.
2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со **тех. бр. Y22922** се составен дел на Решението.
3. Условите за планирање на просторот за изградба на подземен 110 kV вод од ТС 20/110 kV ФНЦ Гнеотино-ТС 400/110 kV Битола 2, Општина Новаци содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и **заклучни согледувања со обврзувачка активност** од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.
4. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработка на планската документација потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во Законот за животна средина (“Службен весник на РМ” бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18) како и подзаконските акти донесени врз основа на истиот.


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 106 212
www.moepp.gov.mk

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Министерството за транспорт и врски, врз основа на член 42, став 1 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" бр. 32/20), поднесе барање преку е-урбанизам, со број на постапка УП 43124, до Агенцијата за планирање на просторот за издавање на Услови за планирање на просторот за изградба на подземен 110 kV вод од ТС 20/110 kV ФНЦ Гнеотино-ТС 400/110 kV Битола 2, Општина Новаци.

Согласно член 42, став 8 од истоимениот закон, Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Условите за планирање на просторот за изградба на подземен 110 kV вод од ТС 20/110 kV ФНЦ Гнеотино-ТС 400/110 kV Битола 2, Општина Новаци и ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. УП1-15 1738/2022 од 9.09.2022 година.

**Условите за планирање на просторот за изградба на подземен 110 kV вод од ТС 20/110 kV ФНЦ Гнеотино-ТС 400/110 kV Битола 2, Општина Новаци претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот.**

Заклучните согледувања, дефинирани во Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на Република Македонија претставуваат обврзувачки активности во понатамошното планирање на просторот.

Врз основа на горенаведеното, а согласно член 88 од Законот за општа управна постапка ("Сл. весник на Република Македонија" бр. 124/15), Министерството за животна средина и просторно планирање го донесе ова Решение и одлучи како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против решението за услови за планирање на просторот може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 15 дена од приемот на решението.

ПО ОВЛАСТУВАЊЕ НА МИНИСТЕР
РАКОВОДИТЕЛ НА СЕКТОР
Nebi Rexhepi

Изготвил: Дејан Гацовски

Одобрил: Сoња Фурнациска